Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-3167/1
датум 19-12-2024

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ

Министерот за правда со решение бр. 08-2510/1 од 30.09.2024 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ“ бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2024 година.
Комисијата за надзор на ден 29.11.2024 година во 10:00 часот, согласно Планот за надзор бр. 08-1158/3 го започна надзорот во **Основен суд Кавадарци** за контролниот период за 2024 година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2023 година до 2024 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на вд претседателот на судот Елизабета Петковска, раководител на служба Сузана Димкова и информатичарот Петре Мркев. Судот уредно ги спроведува и врши работите согласно закон и Судскиот деловник. Од извршениот надзор во судот Комисијата констатира дека состојбата во поглед на начинот на функционирање и работа на судот се исти како и при надзорот извршен на ден 10.11.2023 година за што е составен записник заведен под број 08-3060/1 од 12.12.2023 година.

Претседателката на судот укажа за проблемите со вештачењето кои се случувале и го поздрави формирањето на Комората на вештаци и овозможување на функционалност на системот на вештачење, бидејќи треба се реагира на начинот на вршење на вештачењето досега. Имено во областа на геодетски и земјоделски вештачења, има драстични разлики со намера да се определи супер вештачење и зголемени трошоци за странките, а наградите кои се поднесуваат од страна на вештаците не се согласно правилникот објавен во СВ бр.194/2024 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

# ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

1. **Програмата за работа на судот Су 04 бр.2/24 од 04.01.2024 година.**
2. **Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Во судот со Годишниот распоред се формирани кривичен и граѓански оддел. Во кривичен оддел се распоредени двајца судии, а во граѓански оддел се распределени тројца судии. За кривичен совет се делегираат судии од Основен суд Велес.

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Годишниот распоред на судии е донесен на 02.01.2024 година СУ 04 бр.28/2023 кога бил определен в.д. претседател на суд и негова измена бр.04 бр.28-3/2023 од 28.10.2024 година заради одлука на Судски совет за разрешување на судија.

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Годишен план за одмор на судиите СУ бр.04-18/2024 од 10.07.2023 година.

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Во судот има формирано одделение за информатика, но нема служба како посебна организациона единица Во судот е вработен само еден информатичар – Раководител на ИТ одделение. Вработените во судот изразија задоволство од работата на информатичарот.

| ПРЕПОРАКА: |
| --- |
| Да се разгледа можноста за мотивирање на информатичарите да останат во судовите |

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

Формиран е одел за судска пракса и за одговорно лице определена е судијата Лилјана Ситниковска.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Со одлука Су 03 бр.9-3/2024 формирана е канцеларија за односи со јавноста и за одговорно лице е назначена судијата Лилјана Ситниковска.

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Во судот се уште не е избран судски администратор, откако претходниот заминал. Раководителот на служба Сузана Димкова е овластена да ги врши работите на судски администратор.
Су 04 бр.29/2023 од 02.01.2024, Су 04 бр. 29-1/23 од 01.02.2024, Су 04 бр. 29-2/23 од 22.04.2024, Су 04 бр. 29-3 /23 од 15.05.2024 и Су 04 бр. 29-4/23 од 29.10.2024.

ПРЕПОРАКА:
Министерството за финансии да одобри средства и вработување на судски администратор во судовите каде се ослободени местата, со цел навремено извршување на работите во судот, и да се избегне преоптоварување на судскиот службеник кој не е соодветно платен за извршувањето на дополнителната работна задача на судски администратор.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД)_за 2024 година.**

Се врши редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот и за тоа се водат службени белешки, увид во Записник Су 01бр.64-1/2024 од 10.07.2024 година.

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Редовно се одржуваат седници на судии, на кои се разгледуваат месечни извештаи или тримесечниот извештај. Записниците се водат под СУ 01.бр.17-11/2024 од 14.11.2024 , започнува од 17-1 до 17-11заклучно за ноември 2024 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**11. Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници**

Записник Су 01 12-2/24 од 15.01.2024 година, граѓански оддел

**12. Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Записниците кои се водени од одржаните седници на претседателот на судот и судиите се заведени во уписник Су 01 бр.17/24 и истите се водат од Су 01 бр.17-1/24 до 17-11/24 заклучно со месец ноември 2024 година.

**13. Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

Реализација на програма доставува само претседател на суд. В.д. претседателката била именувана во јануари 2024 година.

**14. Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Извештај Су 01 бр.90/24 од 04.11.2024 година.

**15. Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Кавадарци за 2024 година има.**

Била извршена посета од страна на Апелциониот суд Скопје но сеуште не е доставен извештај.

**16. Надзор над работата на нотарите.**

На подрачјето на Основен суд Кавадарци се распределени 6 нотари. Се врши надзор на нивната работа, се одржуваат редовни седници од кои се произлезени и одредени заклучоци.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

## 17. Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)

Информатичарот и вработените имале организирани обуки преку Академијата за судии и јавни обвинители после подолг временски период.
Обуките на вработените ги извршува информатичарот и тоа по потреба кога има нови вработени или новитети во системот.
Била извршена и еднодневна обука за аудио и видео снимање од фирмата изведувач дактилографите – судските службеници, а понатаму по потреба информатичарот ги обучува дактилографите – судските службеници.

## 18. Преглед на информатичката опрема со која располага судот

ИТ опремата во судот е поприлично нова. Опремата во судот е набавена од средства од буџетот на судот и преку јавни набавки.
Има работни станици за сите вработени, за секој судија и за сите дактилографи.
Има три судници, во секоја судница има по една работна станица.
Во судот има нов сервер за АКМИС, има доволно печатари за сите судии, по еден скенер во писарници граѓанско и кривично.
Информатичарот води редовна евиденција за потребите и заедно со претседателот на судот и в.д. судскиот администратор од средствата на судот редовно ја дополнуваат потребната опрема за да обезбедат функционалност на судот.

## 19. Список на судии и судски службеници распоредени поориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид

Во склоп на годишниот распоред се дефинирани корисничките групи.
Извршен беше увид во списоците за контролниот период и констатирано беше дека во судот постојат и се внесуваат сите списоци во АКМИС системот.
СУ-03 бр.8-3/24 15.01.2024, СУ-03 бр.8-1/24 01.02.2024 и СУ-03 бр.8-5/24 28.10.2024


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**20. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)**

После извршениот увид, констатирано беше дека постојат внатрешни процедури за привилегии во работата со АКМИС системот и истите се евидентирани во самиот систем.

**21. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Се внесуваат во АКМИС како акти, меѓутоа не се внесуваат во календарот на дежурства во АКМИС. Распоред на дежурства СУ-04 03/24 10.01.2024 година
Има двајца судии кои се дежурни.

| ПРЕПОРАКА: |
| --- |
| Во иднина распоредите на дежурства да се внесуваат во календарот на дежурства во АКМИС системот. |

**22. Скенирање на влезни документи**

Се врши скенирање на сите документи од предмети во приемните одделенија - писарниците. Постои еден скенер за Кривичен и Граѓански оддел.

**23. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Редовно се врши електронски прием на предметите од страна на судиите.

**24. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Автоматска распределба и прераспределба се врши во писарниците од страна на водителите на писарниците, за секој оддел засебно.
Администратор на АКМИС е информатичарот во судот кој им помага на вработените во писарниците при прераспределбата.

**25. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2024 година (175 став 5 СД)**

Има одлуки за исклучување од распределба на предмети и повторно вратени на автоматска распределба. Истите се дадени на увид во хартиена форма и се внесени

во АКМИС системот. По случаен избор извршен увид во Су 04 28-2/24 – 17.10.2024 - одлука за исклучување на судија.
Увид во хартиена форма на Одлука за исклучување заради измена на распоредот Су 04.28-3-1/2023 од 28.10.2024 година, Су 04.бр.28-2/2023 од 17.10.2024 – Одлука за исклучување заради суспензија и Одлука за вклучување Су 04.бр 28-1/2023 од 03.01.2024 година.

**26. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради иземање на судија, и одлуките за иземање за 2024 година**

По извршениот надзор во хартиена форма и случаен избор утврдено е дека во контролниот период за 2024, постојат решенија за иземање и се уредно внесени во АКМИС системот.
СУИЗЗ бр.25/24 – 04.09.2024 одлука донесена од претседател на судот
СУИЗЗ бр.1-49/24 – 22.11.2024 одлука донесена од претседател на судот

**27. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2024 година.**

Нема одлуки за рачна распределба на предмети.

**28. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Граѓански и Кривичен од бараниот период)**

Беше извршен увид во АКМИС за случајно одбрани предмети за 2024 година:

- П2- 13/24- Поднесен, примен и заведен на ден 22.02.2024, примен од страна на судија на ден 22.02.2024, автоматски распределен истиот ден во 14:03 часот.
- МАЛВП-5/24 Поднесен на ден 23.01.2024, примен и заведен на ден 24.01.2024, примен од страна на судија на ден 31.01.2024, автоматски распределен истиот ден и прераспределба повторно автоматски 06.02.2024 година.
- ППНИ -13/24 - Поднесен на ден 30.01.2024, примен и заведен на ден 31.01.2024, примен од страна на судија на ден 31.01.2024, автоматски распределен.
- К-66/24 - Поднесен, примен и заведен на ден 25.03.2024, примен од страна на судија на ден 25.03.2024, автоматски рапределне истиот ден во 14:00 часот.

**29. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

На денот на надзорот 11:42 часот, нема внесени предмети за автоматска распределба. Автоматската рапределба се извршува секој ден во 14 часот.

**30. Уписници што се водат во хартиена форма**

Нема уписници во хартиена форма.

**31. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Во Основен суд Кавадарци се користи опремата за аудио и видео снимање.
Надградена е опремата за тонско и видео снимање и по надградбата се користи системот. Во судот има три судници. Едната е опремена со опрема за тонско снимање и има Фемида лиценца, па во неа секојдневно се водат рочишта по граѓански предмети кои што се со тонско снимање. Во другите две судници има опрема за аудио и видео снимање, но само во една од нив моментално има активна клиент сервис лиценца (True Records).Таа се користи за рочишта по кривични предмети, а аудио и видео снимањето се користи само во одредени случаи. Снимките се чуваат на посебен сервер, којшто е дел од опремата и не се регистрирани во АКМИС системот.
Информатичарот ја врши обуката на вработените. За време на надзорот беше увидено дека се одвиваше судење со опремата за тонско снимање.

**32. Електронска достава.**

Електронската достава редовно се врши. Во Основен суд Кавадарци во текот на 2024 година и тоа сметано од месец јануари до месец ноември 2024 година се извршени вкупно 6339 електронски достави во предмети.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**33. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2024 година (член 16 СД)**

Во 2024 година заради именување на в.д. претседател на судот одлуката е донесена на 5 јануари 2024 година под СУ 03 бр.7/2024 од 05.01.2024. Измена е извршена измена на состав на работно тело под Су бр.03 бр.7 -1/2024 од 01.11.2024година.

**34. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2024 година по предлог на работното тело**

Годишен план за управување со движењето на предметите за 2024 година е заведен под Су 03 бр.8-2/2024.

**35. Внатрешни процедури во судот се заведени под Су 03 бр.9 – 2/2024 година.**

**36. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Редовно се поднесуваат месечни извештаи, увид во Су 01 бр.86/24 од 1.10.2024.

## ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**37. Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Јавноста за резултатите од работењето на судот се информира преку локална телевизија и преку веб страницата на судот еднаш годишно.
Се организираат посети на средношколците од гимназијата редовно, со цел запознавање со работата на судот. Редовно се одржува отворен Европски ден на граѓанска правда.
Во судот има определено посебна просторија за библиотека и за медиуми.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

38. Огласна табла на судот

Има огласна табла на влез во судот.
Сите видео дисплеите за истакнување распореди за судењата се во функција и се поврзани со веб страна на судот. Календарот на судење е достапен и во електронска форма на веб страницата на судот.
Поставени се банери во судот на видливи места за информирање на граѓаните.

**39. Простории за судии поротници и за адвокати - Има обезбедено.**
**40. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот.**

Редовно се објавуваат на веб страната на судот. Се објавуваат одлуки и од јавен интерес. После извршената анонимизација на одлуките од страна на судски службеник и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот.

41. Архива

Архивата во судот уредно се води согласно одредбите од судскиот деловник и закон. Активната архива е средена и опремена со метални ормани. Архивата редовно се излачува и тоа што не е од трајна вредност и е со изминат рок на чување се уништува. Пасивната архива е во посебни простории исто така уредно средени согласно прописите.

**Увидот заврши на ден 29.11.2024 во 12:00 часот.**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk